## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 59 став 2 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10,23/13, 149/15 и 36/16) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ОДДЕЛНА ЈАВНА УСЛУГА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАТИЧНОТО КНИГОВОДСТВО, УТВРДУВАЊЕ НА ГЕНЕТСКИОТ КВАЛИТЕТ И ПРИНОСОТ ВО СТОЧАРСТВОТО

**Член 1**

Во Правилникот за поблиските услови за вршење на одделна јавна услуга спроведување на мерки и активности за спроведување на матичното книговодство, утврдување на генетскиот квалитет и приносот во сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/13) во членот 2 точката 3) се менува и гласи:

„ Соодветна кадровска екипираност и тоа да има вработено или ангажирано најмалку по две лица за реализирање на секоја од програмите за одгледување на добиток утврдени во ЗОПОД на ниво квалификација VI - најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен биотехнички науки, подрачје добиточно производство и пчеларство.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 14-6817/2
22 јуни 2018 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Николовски,** с.р.